**20192473866**

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 32 став (9) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ПРОЦЕНКАТА НА РИЗИКОТ, КАКО И ЗАЧЕСТЕНОСТА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВРЗ ОСНОВА НА ПРОЦЕНКАТА НА РИЗИК

Член 1

Со овој правилник се пропишуваателементите на проценката на ризикот,како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик.

Член 2

(1) Под ризик, во смисла на овој правилник се подразбиракомбинација на тежината на штетните последици, врз заштитените добра, правата и интересите, животната средина издравјето на луѓето,кои може да се случат како последица од работата на субјектот на надзор, и веројатноста за случување на тие последици.

(2) Под штетна последица во смисла на овој правилник се подразбираповреда или загрозување на заштитените добра, правата и интересите, животната средина и здравјето на луѓето,и може да се состои од:

- уништување на некое добро или ограничување, односно спречување на остварување на право или интерес,
- оштетување на некое добро или ограничување, нарушување, односно сметање при остварување на некое право или интерес или
- создавање, односно зголемување на можноста некое добро, право или интерес да бидат повредени, односно уништени или оштетени.

Член 3

(1) Проценката на ризиксе прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба и претставува основа за планирање на зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори,утврдувајќи гистепените на ризици според кои се определуваат инспекциските активности, економските дејности и бројот на субјекти на надзор над кои ќе се врши инспекциски надзор во текот на годината, како и ангажманот и работата на инспекторот, потребното време и другите ресурси потребни за вршење на инспекцискиот надзор.

(2) Проценката на ризикво определена област на инспекциски надзор се однесува насите објекти и подружници во кои субјектот на надзорја врши својата дејност.

Член 4

(1) Елементи за проценка на ризик се:

- тежината на штетните последици, и
- веројатноста за случување на штетните последици.

(2) Тежината на штетните последици се проценува врз основа на следните специфични елементи:

- природата на штетните последици која произлегува од видот на дејноста на субјектот на надзор односно активностите кои ги презема или овластувањата кои ги врши во рамките на своето работење, односно од карактеристиките на производите, материите и другите предмети, односно услугите, кои субјектот ги става на пазарот односно ги дава, и
- обемот на штетните последицикој произлегува од опфатот на корисници на производотодносно услугата која се дава од страна на субјектот на надзор, односно круг на лица кои остваруваат одредени права кај субјектот на надзор или во врска со субјектот на надзор односно,круг на лица кои се изложени на природата на штетните последици.

(3) Веројатноста за случување на штетни последици се проценува врз основа на следните специфични елементи:
- претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување,
- стандарди и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор,
- системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор,
- состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област, и
- внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

Член 5

(1) Зачестеноста на спроведувањето на редовните инспекциските надзори кај одреден субјект на надзор, зависи од утврдениот степен на ризик и тоа:
- при висок степен на ризикнајмалку едениинспекциски надзор годишно,
- при среден степен на ризикнајмалку едениинспекциски надзор во две години и
- при низок степен на ризикнајмалку еден инспекциски надзор во три години.

(2) Степенот на ризик од став (1) на овој член,се утврдува врз основа на матрица на ризици 3x3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежината на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатноста за случување на штетните последици.

(3) Матрицата на ризици 3x3 од став (2) на овој член, е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник, и ја опфаќа секоја комбинација од трите степени на тежина на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици.

(4) Вредностите на специфичните елементиза проценка на тежината на штетните последици од член 4 став (2) од овој правилник, како и на специфичните елементи за проценка на веројатноста за случување на штетни последици од член 4 став (3) од овој правилник, се искажуваат со бодови. На секој специфичен елемент за проценка на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици се определува одреден број на бодови во опсег од најмалиот до најголемиот вкупен број на бодови, сразмерно на нивното значење, така што за секој елемент се добива нумеричка вредност искажана во бодови.

(5) Вкупната нумеричка вредност за тежината на штетните последици се добива со собирање на нумеричките вредности (бодови) од секој поединечен специфичен елемент од член 4 став (2) од овој правилник.

(6) Вкупната нумеричка вредност за веројатноста на настанувањето на штетни последици се добива со собирање на нумеричките вредности (бодови) од секој поединечен специфичен елемент од член 4 став (3) од овој правилник.

(7) За потребите на матрицата 3x3, вкупните нумерички вредности на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последицисе сведуваат во опсег од 1 – 3, односно се утврдуваат како степени и изнесуваат:

- 1 – низок,
- 2 – среден и
- 3 – висок.

(8) Вредностана проценетиот степен на ризик се добива со множење на нумеричките вредности на степените на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетни последици и може да изнесува:

- 1 или 2 – низок степен на ризик,
- 3 или 4 – среден степен на ризик и
- 6 или 9 – висок степен на ризик.

Член 6

(1) Проценката на ризик технички се врши врз основа на податоците и информациите достапни во информацискиот систем за инспекциски надзор, со користење на соодветни софтверски алатки вградени во него.

(2) Податоците и информациите во информацискиот систем од став (1) на овој член, се прибираат при вршењето на инспекциски надзор, водењето на службена евиденција, преку размена со регистрите и евиденциите кои се водат од страна на други државни органи и институции.

Член 7

При вршењето на проценката на ризикот за субјектите на надзор кои се основани и започнале со вршење на дејност во тековната година, како и за субјекти кај кои во последните три години не е вршен инспекциски надзор или кои не поднеле извештај за самопроверка и исполнување на барањата од листата за проверка, се утврдувасреден степен на ризик, кој е подложен на промени, во зависност од понатамошното постапување на субјектот на надзор.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19).

Бр. 01-1036/1
29 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска**

Прилог

Матрица на степени на ризици3x3

| Веројатност за случување на штетни последици | | | |
|---|---|---|---|
| 3 – Висока | 3 | 6 | 9 |
| 2 – Средна | 2 | 4 | 6 |
| 1 – Ниска | 1 | 2 | 3 |
| | 1 – Ниска | 2 – Средна | 3 – Висока |

Тежина на штетни последици